Почитувани сограѓани и сограѓанки,

Да се биде Градоначалник не е само да се има желба туку треба да се познава секој дел од својата општина, да се има добар тим, да го дадеш срцето и душата за твоето место на живеење, за твојот комшија, за Зоран, за Јашар, за Весна, за Коста, за Фата, за сите што се околу тебе. Да се биде градоначалник значи да им бидеш на сограѓаните на располагање 24 часа.

Ви ветувам дека јас, Аце Велковски, ќе бидам токму таков градоначалник.

Должноста ќе ја извршувам одговорно, чесно, достоинствено, со голема посветеност. Заедно со вас, со членовите на Советот, со вработените во општинската администрација и локалните јавни установи, во партнерството со здруженијата на граѓани и стопанствениците ќе направиме многу за да го подобриме квалитетот на животот. Секогаш мое настојување ќе биде да се направи и повеќе и подобро за граѓаните во мојата општина каде што живеам.

Во вашите раце ја држите програмата која дава преглед на она што ќе го направам доколку ми ја дадете вашата поддршка. Станува збор за конкретни, реални и остварливи проекти чија главна цел ќе биде да ги подобрат условите за живот и да ја намалат невработеноста и сиромаштијата во општината.

Вие секогаш ќе бидете во центарот на нашето внимание. Локалната самоуправа ќе ви обезбеди ефикасни, ефективни, брзи, квалитетни и евтини услуги. Ќе бидеме Ваш вистински сервис. Ќе ја јакнеме локалната демократија и ќе овозможиме Ваше непосредно учество во одлучување за прашањата значајни за Вас.

Почитувани сограѓани и сограѓанки,

Ве повикувам масовно да излезете на гласање и да не дозволите некој друг да одлучува за Вас. Вашата подршка ни е потребна и за листата на кандидати за членови на Советот од Коалицијата Сојуз за иднината.

Со вашата доверба, со љубовта кон Лозово, со ставањето на располагање на нашето знаење, умеење, искуство, домашни и меѓународни контакти, Општина Лозово ќе биде современа и напредна општина со достоинствен живот, со која сите ние ќе се гордееме.

Искрено ваш,

Аце Велковски

# Инфраструктура

## Осветлување

Реконструкција на уличното осветлување во сите населени места и замена со штедливи сијалици со што би се намалила потрошувачката на електрична енергија и заштеда на средства во буџетот.

## Водовод и канализација

- Ревизија на работењето на ЈКП Лозово

- Намалување на цените на комуналните услуги на ниво кога во општина Лозово градоначалникот беше од редовите на СДСМ

- Намалување на цената на услугата за одржување на јавната чистота

- Доизградба на канализација со с.Дорфулија

- Доизградба на канализација во с.Каратманово

- Изградба на пречистителна станица во с.Лозово и цевоводи до Дорфулија Каратманово и Милино (како дел од хидросистемот Злетовица)

- Изградба на каналицација во с.Милино

- Изградба на канализација во с.Сарамзалино

- Изградба на канализација во с.Аџаматово

- Рестартирање на пречистителната станица за фекални води

- Пуштање во употреба на водоводот во с.Ќоселери

- Во делот на одведување на атмосферски води, регулирање на водите на улицата Кочо Рацин кај црквата во Лозово

- Доизградба на атмосферскиот канал во Дорфулија

- Изградба на атмосферски канал во Каратманово

## Урбанизам

Поттикнати од барањата на граѓаните и визијата за развој на општина Лозово, градоначалникот и советот ќе пристапат кон:

- Изработка на ДУП за слободна индустриска зона на површината кај што локалниот пат Дорфулија-Лозово се спојува со магистралниот пат М5
- Изработка на ДУП за површината околу црквата во Лозово со намена за капацитети што не предизвикуваат бучава и домување.Површината е 6 ха.
- Изработка на ДУП на површините пред влезот во Сарамзалино лево и десо кон М5 со намена за индустриски капацитети.
- Изработка на ДУП за с.Дорфулија на просторот околу старото игралиште каде веќе се изградени куќи со што истите би добиле легален статус.
- Изработка на ДУП за с.Каратманово на површината десно пред влезот во Каратманово со намена домување.

## Сообраќај

- Изградба, пробивање и асфалтирање на улици и патишта

- Изградбата и одржувањето на локалните патишта и улици  како една од основните дејности на општината ќе имаат примарно. Во тој дел ќе овозможиме поврзување до Св.Николе преку Кнежје-Ѓуземелци-Милино-М5 со што значително би се скртило патувањето на жителите од овие населени места.

- Крпење на ударните дупки на локалниот пат Лозово-Милино и Сарамзалино-Ќоселери.

- Редовно одржување на останатите локални патишта и патиштата кои минуват низ полето, а не се категоризирани во локални а се од исклучително значење за превоз на стоки до пазарите.

- Во Лозово, асфалтирање на улиците Кочо Рацин, Јане Сандански, Питу Гули, Н.Ј. Вапцаров, Козара , Братство-Единство и уште неколку останати.

- Во Дорфулија, асфалтирање на 1000 м улици

- Во Каратманово, асфалтирање на улицата од центарот на селото до влезот на селото и кон селските горобишта.

- Хоризонтална и вертикалана сигнализација на сите улици и патишта и поставување на куќни броеви во населените места.

# Инвестиции и економски развој

## Капитални инвестиции

Земјоделството е основна гранка во општина Лозово од чиј развој директно зависи и развојот на општината во целост. Клучен предуслов за развојот на земјодеството е обезбедувањето на постојано, сеопфатно и квалитетно наводнување на земјоделските површини, преку обновување и доизградба на хидро-мелиоративни објекти и проширување на наводнуваните земјоделски површини на територијата на Општина Лозово. Во тој дел ќе пристапиме кон:

- Изградбата на браната во Ѓуземелци и
- Изградба на мала акумулација во м.в. „Лисички дупки" која ќе ги апсорбира водите од хидросистемот Брегалница и истите ќе ги употребува кога ќе има недостиг од вода за наводнување

Со развојот на земјоделието се наметнува потреба од отварање на кванташки пазар во Лозово .

## Економски развој

Локалниот економски развој претставува важен аспект на локалната самоуправа. Со оглед на фактот што РМ претставува релативно централизирана држава, политиките и мерките на национално ниво не успеваат адекватно да ги адресираат потребите на општините. Оттаму, градењето на локална стратегија за развој претставува една од клучните мерки за планирање на развојот на општините, вклучително и на Општина Лозово. Затоа ќе пристапиме кон изработка на стратешки план за локален економски развој, кој ќе  ги идентификува клучните проблеми со кои се соочува Општина Лозово и истите соодветно ќе ги адресира.

Секторот на преработка на земјоделските производи претставува потенцијална можност за силен развој на Општината Лозово. Во таа насока ќе воспоставиме организирана агро-берза која ќе овозможи стабилни откупни цени на земјоделските производи и обезбеден пласман на произведената количина.

За јакнење на економијата во овој дел ќе отвориме канцеларија за ЛЕР и поддршка на малите и средни претпријатија кои се основа за ЛЕР во општината и помошта што истите ќе ја добиват во делот на искористување на ИПА фондовите и другите домашни и ЕУ фондови.

Можностите за развој и пласман на земјоделското производство во многу зависат и од евентуалната изградба на стопанскиот аеродром на територијата на Општина Лозово, во атарот на селото Картманово, предвиден со Просторниот план на РМ 2002-2020. Не треба да се занемари ниту фактот дека со Просторниот план на РМ 2002-2020 е предвидено преку територијата на Општина Лозово да поминува гасоводот кој би ги снабдувал Велес и ТЕЦ Неготино со гас со што ќе добиеме гасна инфраструктура за развој на стопанството и подобрувањето на животните услови на граѓаните.

Во делот на ЛЕР ќе овозможиме услови за развој на селскиот туризам и подготвувањето на традиционални јадења за што постојат идеални услови. Исто така ќе го поддржиме и ловниот туризам и ловиштата кои се наоѓаат на наша територија ќе бидат издадени под концесија на нашето ловно друштво.

ЛЕР сепак најмногу зависи од отварањето на нови работни места. Тоа ќе го направиме со отварање на текстилен погон во Лозово за кој имаме изградено објект и партнер кој ќе биде пуштен веднаш со доагањето на „Сојузот за иднината“ на власт и веднаш ќе вработи најмалку 100 луѓе, воглавно сезонска работна сила што е од посебна важност.

# Квалитетен живот

## Екологија и зеленило

Заштитата на животната средина исто така има приоретно значење.

Во тој дел ќе ја рестартираме и пуштиме во употреба изградената пречистителна станица која датира од времето кога градоначлникот беше од редовите на СДСМ, а која досегашната власт не ја користеше.

Квалитетно ќе го одржуваме постојното зеленило (изградено во наше време) и ќе изградиме ново во сите населени места а во Лозово на местото предвидено за парк ќе изградиме парк со целата потребна урбана опрема.

Ќе осврнеме и на зачувување на шумите во општината кои за владеењето на ВМРО речиси се посечени на криминален начин.

Ќе воведеме доделување на награда за најубаво уреден двор.

## Образование

Во областа на образованието нашите активности ќе бидат насочени кон обезбедување на активен однос на општината кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието, како и изнаоѓање на форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;

Во тој контекс ќе ги реализираме следниве активности:

- Реконструкција на училишната зграда во Лозово во рамките на проектот за заштеда на енергијата со изработка на термоизолациона фасада;
- Изработка на парно греење во ООУ во Лозово;
- Набавка на современи научни и образовни помагала;
- Изградба на спортска сала во училиштето

- Реконструкција на ПОУ Дорфулија со што дел од просториите во ова училиште би послужиле и за активности на месната заедница и други здруженија и организации;

## Спорт

Ќе создадеме услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот. Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваме кон:

- Сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации;
- Развивање на масовниот спорт;
- Поддршка во организирање на традиционалните турнири во Лозово, Дорфулија, Каратманово, Милино и Сарамзалино;
- Отворање на младинска и пионерска фудбалска школа;
- Изградба на повеќенаменско спортско игралиште во Милино;
- Изградба на игралиште во Сарамзалино;
- Целосно финансирање на ФК Работник кој се натпреварува во Третата лига - Исток;

## Култура

Во областа на културата ќе изградиме нова зграда во која ќе биде сместен културен дом. Покрај тоа ќе работиме и на збогатување на културниот живот во општината, преку:

- Создавање на услови за реализирање на активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на културата;
- Афирмација на Општина Лозово во која особено внимание ќе се посвети на создавање услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности;

- Сочувување на континуитетот на традиционалните и културни манифестации;
- Поддршка на ФА „Кочо Рацин“ Лозово кој е единствена организација која ги негува обичаите, културата и фолклорот на подрачјето на Општина Лозово;
- Организирање на „Илинденски денови на спортот и културата“ во Општина Лозово во рамките на кои ќе го вратиме сјајот на ноќниот турнир во мал фудбал во Лозово кој има традиција повеќе од 30 години, а кој, откако е ВМРО-ДПМНЕ на власт, воопшто не се одржува. Во рамките на деновите на културата ќе организираме дефиле на културно уметнички друштва со меѓународен карактер;
- Организирање на традиционална сина вечер која откако ВМРО-ДПМНЕ е на власт не се ни организира;
- Организирање на новогодишна лотарија;
- Поддршка во изградба на верски и црковни објекти;
- Поддршка на верски празнувања;
- Подршка на НВО во организација на културни манифестации.

Исто така ќе ги негуваме и културата и обичаите на другите етнички заедници кои живеат во општина Лозово.

## Заштита на ранливи групи

Во областа на социјалната здравствена заштита ќе изнајдеме форми за згрижување на социјално ранливите групи и форми за социјализација на маргинилизираните групи преку:

- Финансиска подршка на социјално загрозени семејства;
- Помош на семејства погодени од елементарни непогоди;
- Помош на самохрани родители;

- Набавка на училишен прибор на деца без родители и социјално загрозени родители;
- Промовирање на родовата застапеност;
- Финансиска подршка за новороденчиња.